Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година заедно со Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 03.03.2009 година.

**Број 08-672/1**
**од 09.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 95-тата Седница одржана на ден 03.03.2009 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година.

2. Оваа Одлука заедно со Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2008 година, ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-583/3**
**од 03.03.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2008 ГОДИНА

**Февруари 2009год.**
**Скопје**

# ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**Програма Ф за урбано планирање**

## Реализација на
## Програма за урбано планирање "Ф" на Општина "Ѓорче Петров" за 2008г.

**Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање**

## I. Фаза на изработка на започнати ДУПови

## Започнати ДУПови по Програма 2005год.

1. **ДУП за УЗ вДаме Груевг УБ1**

**Граници на планскиот опфат:**

1.1 југозапад-осовина на ул.Лука Геров
1.2 северозапад-осовина на ул.Николај Островски
1.3 североисток-осовина на ул.Шарпланинска1.4 -југоисток-осовина на крак на ул.Лепенец и новопроектирана ул.Лепенец

**Големина на плански опфат: 24.23ха**

**Фаза: донесен план**

**Цена:**
Подоговор: 1.036.000,00
платено: 576.000,00ден **+192.000,00+61.440,00+207.360,00**
за доплата 000.000,00ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

2. **ДУП за УЗ Даме Груев УБ2**

**Граници на планскиот опфат:**

2.1 југ и југозапад-осовина на железничка пруга Белград - Скопје
2.2 северозапад-осовина на ул.Николај Островски
2.3 североисток - осовина на ул Лука Геров до пресечна точка со осовината на железничка пруга Белград - Скопје

**Големина на плански опфат: 19.19ха**

**Фаза: предлог**

**Цена:**
По договор: 813.888,00

платено: 488.333,00ден + **162.777,50**
за доплата 162..689,50ден
Средствата се обезбедени од буџет на општината

3. **ДУП за дел одУЗ Дексион-дел над пруга (станбена зона)**
   **Граници на плански опфат:**

   3.1 север:граница на ГУП
   3.2 запад: меЃа на КП 3820,38,13
   3.3 југ: осовина на железница
   3.4 исток: меЃа на КП 13513,КП 3621

**Големина на плански опфат: 15,50ха**
**Фаза: ЗаврШена јавна анкета(се чека измена на закон)**

**Цена:**
По договор: 691.200,00
платено: 414.720,00ден
за доплата 276.480,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

4. **ДУП за зона Мало стопанство-УЗ Мирче Ацев**
   **Граници на плански опфат:**

   4.1 југ -осовина на железничка пруга
   4.2 север- по меЃа на катастарска парцела на касарната ѓорче Петров
   4.3 запад- по осовина на ул.гСремски фронтг
   4.4 исток- по меЃа на парцела 3360

**Големина на плански опфат: 10,0ха**
**Фаза: донесен план**

**Цена:**
По договор : 410.400,00
платено : 246.240,00ден + 82.080,00 + **82.080,00**
остаток за исплата 82.080,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на опШтината

5. **ДУП за Спортски терени**,локалитет крајбрежен појас,УЗ вѓорче Петровг
   **Граници на плански опфат:**

   5.1 север-осовина на ул. вѓуро Салајг, оди кон север по ул.гВиа Игнатиаг до ул.гСоцијалистичка зораг
   5.2 исток-осовина на бул.гМакедонска војскаг
   5.3 запад-осовина на новопроектирана улица долж ОУ вДимитар Поп-Георгиев Беровскиг,кон исток по осовина на ул.гАлекса Демниевскигдо пресек со западна граница на парцели 12602 и 12603 во правец на новопроектирана улица, крак од вАлекса Демниевскиг
   5.4 југ-осовина на ул.гАлекса Демниевскиг(новопроектирана ул.)

**Големина на планскиот опфат: 14,9 ха**

**Фаза: донесен план**

**Цена:**
По договор: 691.200,00
платено: 414.720,00ден **+ 256.000,00 + 20.480,00**
останува за доплата 000.000,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

## Започнати ДУП-ови по Програма 2006год.

1. **ДУП за УЗ Дексион- УМ1**

**Граници на планскиот опфат:6,5ха**

1.1 север: осовина на ул: 4ти јули
1.2 запад: осовина на ул: Кузман шапкарев
1.3 југ: осовина на ул: ѓорче Петров
1.4 исток : осовина на ул : гѓорЃи Газеповв и врти по пеШачка патека до ул: ѓорче Петров

**Големина на плански опфат:6,5 ха**

**Фаза: донесен план**

**Цена:**
По договор: 280.800,00
платено : 140.400,00ден.+ 70 200,00+**70 200,00;**
за исплата останува 000.000,00
Средствата се обезбедени од буџет на општината

2. **ДУП за дел од Западна индустриска зона- ул.Шарпланинска,Б1**

**Граници на планскиот опфат:**

2.1 југоисток: КП751/1,КП1263
2.2 северозапад: КП 749/2,сече осовина на ул."Новопроектирана "-1, до ул. "Шарпланинска"
2.3 североисток:КП749/2
2.4 југозапад:осовина на ул. "Шарпланинска"

**Големина на планскиот опфат:4,41ха**

**Фаза: планот е донесен**

**Цена:**
По договор: 207.360,00
платено: 165.888,00ден. + **41.472,00 ден.**
За доплата останува 000.000,00 ден.
Средствата се обезбедени од правно лице Мимако Вуд

## Започнати ДУПови по Програма 2007 год.

1. **ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-2**

**Граница на плански опфат:**

1.1 на североисток: осовина на бул." Илинден"
1.2 на исток и југ: осовина на ул. "Ацо Шопов"
1.3 на запад: западна граница на комплексот на ТГС "Технички гасови"
1.4 на југ: оди по јужна граница на комплексот АД "Карпош", продолжува на запад и север по границата на комплексот до осовина на бул. "Илинден

**Големина на плански опфат: 18,50 ха**
**Фаза: јавна анкета завршена**

**Цена:**

По договор: 686.000,00 ден.
Исплатено: **411.653,00 ден.**
Остаток за исплата: 274.374,00 ден.
Финансиите се обезбедени од АД Карпош

2. **ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-3**

**Граници на плански опфат:**

2.1 на североисток: осовина на бул." Илинден"
2.2 на исток и југ: северна граница на АД Карпош, осовина на траса на новопланирана ул.1 и заштитен коридор на јужна страна од индустриски колосек
2.3 на југозапад: осовина на булевар" Македонска војска"
2.4 на северозапад: осовина на траса на булевар "Црна Гора"

**Големина на плански опфат: 27,00ха**

**Фаза: јавна анкета во тек**

**Цена:**
По договор: 949 428,00 ден.
Платено: **569.657,00 ден.**
Останува за исплата: 379.771,00 ден.
Финансиите се обезбедени од АД Алкалоид и АД Агроплод

## Започнати планови по Програма 2008 год.

## Урбанистички план за село Орман

**Граници на плански опфат: по графички прилог**

**Големина на плански опфат: 157,70 ха**

**Фаза: јавна анкета во тек**

**Цена:**

По договор: 1.170.796,00 ден.
Платено: **351.239,00** ден.
Остаток за исплата: 819.557,00 ден.
Средстават се обезбедени од Буџетот на Општината

## Урбанистички план вон населено место
## Клучка *Стопански Двор* (приоритетна програма на Влада)

Граници на Плански опфат: по графички прилог
Големина на Плански опфат: 157,70 ха
Фаза: Планот е даден на согласност во МТВ
Цена:
По договор: 1.499.908,00 денари; Платено 1.049.936,00 денари;
Остаток за исплата 449.972,00 денари.
Средствата се обезбедени од приоритетна програма на Влада.

## II Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиште и уредување на просторот во рурално подрачје

1. **Подпрограма Ф.А. и Ф.Д.** за уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки.

**48.4821.10 Подготвување на проекти склучувајќи дизајни на улици, пешачки патеки плоштади и други јавни површини**

1.1 Изработен е основен проект за ул.„Кузман Шапкарев, ул.”Трајко Бошкоски Тарцан“, ул. ”3 и ул. 2” во Јурија - стар дел, во вкупна должина од L=854 м со ширина на коловозот од 5,5м,.
Средствата во висина од **899.160,00 ден**. се обезбедени на Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

1.2 Изработен е основен проект за реконструкција на ул.”Рамиз Садику“ - крак **I** ,во должина од L= 210 м´ со ширина на коловозот од 3,5м. Средствата за проектот во висина од **118.000,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров.

1.3 Изработен е основен проект за изградба на ул. Ново проектирана- собирна улица, што ги поврзува ул.Ѓорче Петров и бул. Партизански Одреди низ Реонскиот центар, со должина од L=220 м,ширина на коловозот 7,0м и два тротоара од по 3,0м.
Средствата во висина од **349.280,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

1.4 Изработени се Геодетски елаборати за експропријација и тоа:
1.4.1. Геодетски елаборат за експропријација на улици во Ѓорче Петров (ул.Трајко- Бошковски-Тарцан, ул. Кузман Шапкарев, ул.2 и ул. 3)
1.4.2. Геодетски елаборат за експропријација на просторот за Колско пешачката патека над затворениот канал во УЗ Дексион во должина од L=300м,
1.4.3. Геодетски елаборат за експропријација на просторот за изградба на патека на ул.Социјалистичка Зора,
1.4.4. Геодетски елаборат за експропријација на просторот за изградба на локалниот пат од Клучка Стопански двор до спј со локалниот пат за с.Свиларе во должина од L=1000м.
Средствата во висина од **400.000,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**48.1821.20 Изградба на улици , пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

1. **Завршена е изградбата на ул. Рафајло Батина**, со завршен асвалтен слој, во фкупна должина од L= 410м, со ширина на коловозот 4 и 5 метра, односно со вкупна асвалтна површина од 2000 м$^2$.
Средствата во висина од **1.582.470,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

2. **Завршена е изградбата на ул. Мајски Манифест II krak**, со завршен асвалтен слој ,во фкупна должина од L= 145м, со ширина на коловозот 3.5 метра, односно со вкупна асвалтна површина од 510 м$^2$. Средствата во висина од **360.195,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

3. **Завршена е изградбата на Ул. Рамис Садику**, во должина од L=171м, ширина на коловозот од 2,5 до 3,0 м,или со вкупна асвалтна површина од 470 м$^2$
**4. Ул. Николај Островски во У.З Даме Груев**,во должина од L=100м, со ширина на коловозот од 5.5м,и вкупна асвалтна површ. од 660 м$^2$,
Средствата (за точка 3 и 4) во висина од **1.380.000,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**А) Во фаза на градба или одпочнување на градба се улиците:**

1. **Улици во Јурија - стар дел и тоа**;

**1.1 Ул. Кузман Шапкарев** со должина од 216м, широчина на коловозот од 5,5м, со вкупна асвалтна површина од 1200 м$^2$, и комплет атмосверска канализација во должина од 70м,

**1.2 Ул. Трајко Бошковски - Тарцан** со должина од 320м, широчина на коловозот од 4,0м, со вкупна асвалтна површина од 1435 $м^2$,

**1.3 Ул. 3 и ул. 2** во вкупна должина од 220м , со широчина на коловозот од 5,5м и со вкупна асвалтна површина од 1.270 $м^2$.

Средствата (за 1.1, 1.2, и 1.3) во висина од **5.868.746 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 и 2009 година.

2. **Улици во Станбено деловниот комплекс Јурија**

**2.1 Ул.1 и 3 во станбено деловниот комплекс Јурија,** во вкупна должина од 300м, со широчина на коловозо од 7,0м, или со вкупна асвалтна површина од 3040 $м^2$, е во фаза на градба.

Потребните средства во висина од **7.987.801,00 ден**. се заеднички обезбедени од буџетите на Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во соодност 60% од Гадот и 40%, при што Општината Ѓорче Петров од буџетот за 2008 и 2009год го има обезбедено своето учество во висина од **3.195.121.00 ден.**

**2.2 Во фаза на градба се улиците 2 и ул. 4, во Станбено деловниот комплекс Јурија** со вкупна дплжина од 364м, со широчина на коловозот од 7,0м, или со вкупна асвалтна површина од 3390 $м^2$, и **Бул. Сремски Фронт** со врска на улица Ѓорче Петров (раскрсница), во вкупна должина од 125м, со широчина на коловозот од 13м,и со вкупна асвалтна површина од 1700$м^2$.

Потребните средства во висина од **15.503.491,00 ден**. се заеднички обезбедени од буџетите на Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во соодност 60% од Гадот и 40%, при што Општината Ѓорче Петров од буџетот за 2008 и 2009год го има обезбедено своето учество во висина од **6.201.396,40 ден.**

3. **Бул.Македонска Војска I фаза** од ул. 4ти Јули со врска на ул.Ѓорче Петров (раскрсница) е во завршна фаза на градба во вкупна должина од 630м, со широчина на коловозот од 7,0м, и со вкупна асвалтна површина од 4.500 $м^2$, Средства се обезбедени од буџетот на Град Скопје.

**Б) Изградба на пешачка патеки, тротоари и паркинзи**

1. **Изграден е тротоар на ул. „1“во Кисела Јабука** во вкупна должина од 650м, со широчина од 1,5-2,0м со асвалтирана површина од 1200 $м^2$
2. **Изграден е тротоар на ул.Лука Геров,** во должина од110м, со ирочина од 2,0м, и површина од павер елементи од 800 $м^2$.

3. **Изградени се повеќе пешачки патеки** во Реонскиот центар и на други локации во Општина Ѓорче Петров со широчина од 1,5-2,0м со вкупна површина од павер елрменти 890 $м^2$,
4. **Изграден е паркинг простор во Реонскиот центар** со павер елементи во вкупна површина од 440 $м^2$ ,
5. **Изградена е колско-пешачка патека Браќа Чакрви** од павер елементи со вкупна површина од 300 $м^2$.

   Средствата (за 1,2,3,4 и 5) во висина од **3.281.370.00ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

6. **Завршена е изградбата на пешачката патека над затворениот канал во Дексион**, во вкупна должина од 300м, со широчина од 3,5 и 4,0м, со вкупна површина на павер елементи од1200 м$^2$.

   Средствата во висина од **1.791.856,50ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.
7. **Извршено е партерно уредување на спортската сала во О.У Тихомор Милошевски с.Ново Село**, (со изградба на паркинг простор, пристапни патеки, водоводна и канализациона мрежа, реконструкција на ограда и хортикултурно уредување)

   Средствата во висина од **2.312.260,00ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година

**В) Спортски терени- рекреација**

**1) Нови спорски терени**

**Изградени се Нови спортски игралишта и тоа во;**

**1.1 М.З. Волково- Пржина,** изграден е спортско- рекреативен центар со вкупна површина од 1.625 м$^2$,

**1.2 Во О.У Тихомир Милошевски** изградено е ново спортско игралиште со асвалтна површина од 860 м$^2$. Средствата за изградба на овие спортски терени се од донација на градежната Фирма Терна.

**2) Реконструкција на постоечки спортски терени**

**2.1.1 Во О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски**, извршена е реконструкција на асвалтните површини на две игралишта со нов асвалтен слој во вкупна површина од 960 м$^2$ .

**2.1.2 Во О.У. Мирче Ацев,** завршена е реконстерукција на асвалтните површини од кошаркарското и игралиштето за мал фудбал со нов асвалтен слој во површина од 1.365 м$^2$.

**2.2 Извршена е реконструкција на спортски терени** со поставување на жичани огради во висина од 4.0 и 6,0м, и извршена е промена на спортски реквизити во:

2.2.1 **О.У. Димитар Беровски,**
2.2.2 **О.У. Мирче Ацев,**
2.2.3 **О.У. Страшо Пинџур,**
2.2.4 **О.У. Тихомир Милошевски,**
2.2.5 **О.У. Јоаким Крчовски и**
2.2.6 **У.З. Хром.**

Средствата во висина од **3.178.014.00ден.** се обезбедени од донација на Р.Македонија Агенција за млади и спорт.

**3) Спортски Сали**

**Изградени се и пуштена во употреба спортските сали во гимназијата Кочо Рацин и во О.У. Тихомир Милошевски во С.Ново Село.**

Средствата се обезбедени од донација на Р.Македонија Агенција за млади и спорт.

**4) Спортско - рекреативни терени**

**4.1 Во завршна фаза на градба е Фудбалско игралиште во У.З. Хром,**

**4.2 Во почетна фаза на градба е Фудбалско игралиште во М.З. Волково-Пржина**.
Средствата се обезбедени од донација на Р.М Агенција за млади и спорт.

**5) Детски игралишта**

**Завршена е изградбата на 7(седум) детски игралишта** на повеќе локации на територијата на Општина Ѓоче Петрв, во вкупна површина од 900м$^2$, истите се комплетно уредени и опремени со потребните реквизити.
Средствата во висина од **2.062.003.00ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**Г) Основни училишта**

1. Извршена е санација на санитарните чворови во повеќе училишта.
2. Извршени се неопходните промени на прозори, направена е санација на тавани,поправка на системи за греење и извршено е бојадисување на училните, а се со цел да се создадат потребните услови за нормално одвивање на наставата. Општината Ѓорче Петров за оваа намена од буџетот за 2008год. обезбеди средства во висина од **2.245.000,00ден.**
3. Извршени се неопходните промени на прозори во О.У Мирче Ацев.
Средстваа во висина од **1.292.260.50ден**,се обезбедени од донација на УСАИД/ПЕП и средства во висина од **492.130,80ден** од Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2008 година.
4. **Извршена е реконструкција и санација на санитарни јазли во следните Основните Училишта** :
4.1 Во О.У Димитар Поп Георгиевски Беровски во вкупна вредност од 3.033.000,00ден
4.2 Во О.У Мирче Ацев во вкупна вредност од 1.467.000,00ден.
4.3Во О.У Тихомир Милошевским во вкупна вредност од 3.250.000,00ден.
4.4Во О.У Јоаким Крчовски с.Волково во вкупна вредност од 1.450.000,00ден,
4.5 Во О.У Ѓорче Петров во вкупна вредност од 3.610.000,00ден,
4.6 Во О.У Страшо Пинџур во вкупна вредност од 1.452.000,00ден, или во **Вкупно реализирано во сите О.У се 14.262.000,00ден**, од кои **12.200.000,00** денара се обезбедени како грант од Министерството за образование и култура, и **2.062.000,00** ден од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**48.4823.10 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосверска канализација.**

1. **Направени се повеќе проекти** со кофинансирање на Град Скопје и Општина кои се произлезени од законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.
2. **Изработен е основен проект** за атмосверска канализација на локалниот пат од Клучка Стопански Двор до спој на локален пат за с.Свиларе, во должина од1.200м.
Средствата во висина од150.000,00ден се обезбедени како грант од фирмата Прима Инжењеринг- Скопје.

**48.4823.20 Изградба на фекална и атмосверска канализација.**

**А) Атмосверска канализација**

**Изградена е атмосверска канализација** во станбено- деловниот комплекс Јурија во должина од L= 900м. Средствата во вкупна вредност од **5.385.526,00ден**. се обезбедени од Град Скопје и Општина Ѓорче Петров, по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште, ( во соодност 60% со 40%) при што Општината
во буџетот за 2008год. ги има обезбедено 40% односно **2.154.210,00** ден.

**Б) Фекална канализација**

1. **Завршена е градбата на колекторот за фекална канализација во с. Волково** , со армиранобетонски цевки ф 600 мм во должина од 450м' и 14 ревизиони шахти.
   Средствата во висина од **3.333,099,00 ден.** од кои **3.000.000,00** ден се донација од Р. Македонија, Министерство за транспорт и врски, а остатокот од **339.099,00ден** се обезбедени од Буџетот на Општината.
2. **Во фаза на градба е примарна канализациона мрежа** (крак 32) во должина од 1350м, за с. Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука .
   Средства во висина од **10.000.000,00ден** како грант се обезбедени од Град Скопје.
3. **Во фаза на градба е примарна канализациона мрежа** во должина од 1922м, за с. Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука.
   Средства во висина од **10.000.000,00ден** како грант се обезбедени од Ј.П Водовод и канализација - Скопје.
4. **Во завршна фаза на градба е делница од примарната канализациона мрежа** во должина од 1000м. за с. Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука.
   Средства во висина од **5.000.000,00ден** како грант се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање.
5. **Во фаза на градба е делница од примарна и секундарна канализациона мрежа** во должина од 4420м. инвестирана со средства од ребаланс на Буџетот на Р.Макодонијас преку Министерството за транспорт и врски во висина од **19.000.00,00ден** ( вкупна должина на фекална канализација за с,Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, што е изградена или е во фаза на градба изнесува 8700, + 2185м колектор)

**48.4827.10 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Град Скопје и Општина кои се произлезени од законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**48.4827.20 Изградба на водоводна мрежа**

1. **Завршна е изградбата на водоводниот систем за с.Никиштане**, со изградба на пумпна станица во с.Орман. Предходно е изграден потисниот цевковод во должина од 1900м, и резервоарот за вода во с.Никиштане со капацитет од 200м$^3$.
   Средствата за изградба на помпната станица се обезбедени со донација на Фондот за води на Р. Македонија во висина од **4.000.000,00ден**.

2. **Завршна е градбата на дел од системот за водоснабдување на с.Кучково** во должина од 520м.
   Средствата во висина од **1.170.000,00 ден**. се обезбедени од Р.Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа **800.000,00ден** а остатанатиот дел од **370.000,00ден** се обезбедени од Буџетот на Општината.
3. **Изграден е водоводен крак во с.Волково на** ул.23, за подобрување на водоснабдувањето на високата зона во должина од 260м.
   Средствата во висина од **275.058,00ден**. се обезбедени од буџетот на Општината, додека монтажата ја изврши Ј.П Водовод и канализација Скопје.
4. **Изграден е водоводен крак во с.Волково за Домот за лица со псебни потреби** во должина од 240,0м
   Средства во висина од **64.550,00ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**48.4828.10 Подготвување на проекти на капацитети од енергетика (НН електрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Градот Скопје и општината кои се произлезени од законски обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**48.4828.20 Изградба на објекти од енергетика ниско - напонска електрична и топлификациона мрежа**

1. Направени се повеќе приклучоци на објекти со кофинансирање на Градот Скопје и општината кои произлегуваат од законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.
2. Извршено е изместување на 10кВ ДВ кабел во станбено- деловниот комплекс Јурија.
   Средствата во вкупна вредност од **912.263,00ден** се обезбедени од буџетите на Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во соодност 60% од Гадот и 40%, така што Општината Ѓорче Петров обезбеди **291.925,00ден. од Буџетот за 2008год.**
3. Извршена е реконструкција на трафостаницата во с.Орман и изработен е електро приклучок на пумпната станица за водаоснабдување на с.Никиштане.
   Средства во висина од **328.590,00ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
4. Извршено е електро приклучување на Спортската сала во с.Ново Село со изградба на нова Трафо станица.
   Средства во висина од **1.443.726,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**48.4829.30 Реконструкција на објекти од енергетика (ниско напонска и топлификациона мрежа)**

1. На магистралните и собирните улици градот изврши замена на светилките со натриумови сијалици. Одржувањето на овии улици е во надлежност на Градот.
2. На локалните улици во надлежност на Општината, одржувањето на уличното осветлување е вршено перманентно, исто така е извршено и поставување нови линии за улично осветлување.

**Променети се :**

1. светилки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 990
2. пригушници . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 427
3. заштитни тегли (топки) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 294
4. сенила . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 71
5. кабел . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3724
6. фасонки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 285
7. осигурачи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 184
8. рефлектори мх 400 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
9. арматуре Гешташи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 102
10. ел. склопка 40А . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
11. лимено ормарче . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
12. затегачи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 172
13. обрачи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
14. понцинкована лента 2N30x4. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 385
15. Металхалогени ампули 400 w . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24,

как и друг поситен материјал како стеги, ал-ку клеми, жица, обични сијалици, прекинувачи и друго евидентирано во градежните книги. Средства во висина од **5.000.000,00ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров

## II ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### I Подпрограма Ј.О. одржување на урбана опрема

- Реконструирани се 63 парковски клупи, 20 канти за смет, репарирана ограда на споменици на паднати борци, и други активности на територија на Општината. Потрошени се **337.160,00ден**.
  Средства се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### II Подпрограма Ј.Н. урбана опрема, (капитален расход)

1. Извршена е набавката и поставувањето на 66 парковски клупи и 25 корпи за отпадоци на повеќе локации во Општината.
   Средства во висина од **296.500,00ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
2. Извршена е замена на олуците на објектот за Музеј во реонскиот парк.
   Средствата во висина од **50.000,00ден** се обезбедени како грант од Министерството за култура.

### III и V Подпрограма Ј.З. и Ј.А. јавно осветлување и изградба на јавно осветлување

- Прикажано во претходната програма
- Трошоците за потрошената електрична енергија за јавно осветлување редовно се плаќаат.

**IV Подпрограма Ј.4. за јавна чистота**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, општината перманентно ангажира дваесеттина невработени лица и социјални случаи кои се испомош на Ј.П.,,Комунална хигиена'' и на Ј.П.,,Паркови и зеленило'' . Истите се ангажирани и во акциите што ги организира општината за подобрување на комуналната состојба.
2. Во тек на годината повеќекратно се направени акции со Ј.П. ,,Комунална хигиена'' за остранување смет од дивите депонии на целата територија при што се дигнати околу 1500 м$^3$ смет и депонирани во Дрисла,
3. Расчистени се депонии од градежен шут и одпаде материјал, околу 3500 м$^3$ , во вкупна вредност од **1.982.400,00ден.**
   Средства се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**VI Подпрограма Ј.6. одржување и заштита на локални патишта и сервисни и станбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

Во изминатиот период направено е пролетно и есенско крпење на ударните дупки на улиците во општината. Со завршување на летото отпочнато е есенското санирање на ударните дупки, при што до сега е утрошено 194 тони асвалтна маса и тоа на следните улици:

1. **Магистрални улици**
   1.1 „Македонска Војска“ и
   1.2 „Црногорска“

2. **Собирни улици**
   2.1 „Ѓорче Петров“;
   2.2 „Лука Геров“;
   2.3 „4$^{ти}$ Јули“;
   2.4 „Лепенец“;
   2.5 „Тиранска“
   2.6 „Алекса Демниевски“
   2.7 „Веле Марков“ и
   2.8 Волково

3. **Локални улици**
   3.1 „Пеклање“;
   3.2 „Бертранд Расел“;
   3.3 „Моцартова“;
   3.4 „Борис Бојаџиски“;
   3.5 „Арсо Мицков“;
   3.6 „Антон Кецкаров“,
   3.7 „Шарпланинска“;
   3.8 „Антон Чехов“;
   3.9 „Николај Островски“;
   3.10 „Лазо Димов Ошенски“;
   3.11 „Исаија Мажовски“;
   3.12 „Кичевска“;
   3.13 „Мавровска“

3.14 „ Шидска“;
3.15 „Мекедонска Преродба“;
3.16 „Знеполе“;
3.17 „Ангел Винички“;
3.18 „Виа Игнатија“;
3.19 „Мице Козар“;
3.20 „Пробиштипска“;
3.21 „Јосиф Ковачев“
3.22 „Никола Пушкаров“;
3.23 „Наум Чакарев“;
3.24 „Гостиварска“;
3.25 „Кадињача“ и
3.26 „Кузман Шапкарев“;
3.27 ул.100 с.Волково
3.28 пат за с.Орман

Извршено е зимско одржување на локалните патишта и улици (јан-феб 2007/2008) и (ном-дек. 2008/2009)

Средствата во висина од **4.000.000,00ден** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## VII. Подпрограма Ј.Д. изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни и станбени улици

1. Со оглед дека средсвтата од Фондот за магистрални и регионални патишта драстично се намалија (за околу 40%) предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патишта и улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици е прикажано во претходната програма.

## VIII. Подпрограма Ј.Ф. изградба и сообракајна сигнализација

1. Во тек на изминатиов период, двапати е вршено бележење на улиците во општината при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници ( ул.Ѓорче Петров, ул. Лука Геров, ул. 4- ти Јули, бележење на игралишта и сл.)
2. Изработен е автоматско-електронска сигнализација на патниот премин на железничката пруга на с.Ново Село, и извршено е проширување на истиот премин со нов асвалтен слој.
   Средствата и работите ги реализираа ЈП Македонски железници и Општината Ѓорче Петров.

## IX. Подпрограма Ј.Г.изградба на систем за водоснабдување

Активносте од оваа подпрограма се прикажани во претходната програма.

## X. Подпрограма Ј.И.изградба на систем за одводнување

**на отпадни води**

Извршено е аплицирање за чистење на доводниот канал од с.Орман према с.Волково и влив во р.Лепенец до Министерството за земјоделство , шумарство и водостопанство и истата апликација е одобрена за чистење на каналот во должина од 3600 м. Во текот на 2008год очистен е дел од каналот во Стопаски Двор, с.Волково и с.Ново Село во должина од 1200м, додека останатиот дел ќе се чисти во почетокот на 2009год.

## XI. Подпрограма Ј.М.изградба и реконструкција на парковски површини и зеленило

1. Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училиштата и градинката, одржување еколошки часови.
2. Поддржана е акцијата на Владата на Р.Македонија за пошумување на голините и опожарените реони, со масовно учество на населението при што се посадени околу 16.000 садници на опожарениот простор, исто така се посадени нови садници во Реонскиот парк, во сите училишта, детските градинки и обновени дрвореди на дел од улиците.
3. Реконструирано и уредено детското игралиште во У.З Хром, со доградба на пешачки патеки и хортикултурно уредување на површината од 650м$^2$ со засевање на трева и садење на дрва.

   Средствата во висина од **350.000,00 ден** се донација од фирмата Инком-Инжењеринг и Ј.П Паркови и зеленило Скопје.
4. Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се 1451 шахта на целата територија на општината. Со средства во висина од **160.480,00ден**. обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во одделението за спроведување на урбанистички планови во 2008 година примени се 2207 предмети. Од вкупниот број на предмети за решавање решени се 2180 и тоа со следната структура:

| Ред. Бр. | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во 2008 | Нерешени предмети од претходен период | Вкупно од графите 3 и 4 | РеШени предмети во 2008 | Останале предмети зареШавањ е | Жалби до второстепе на Комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
| 1 | ИЗВОДИ ОД ДУП | 1603 | / | 1603 | 1603 | / | |
| 2 | ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | 154 | 22 | 176 | 174 | 2 | |
| 3 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 125 | 32 | 157 | 137 | 20 | |
| 4 | ОДОБРЕНИЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА | 7 | / | 7 | 7 | / | |
| 5 | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА - ПРЕНАМЕНА | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | |
| 6 | РЕшЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ | 44 | / | 44 | 44 | / | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОГРАДА | / | / | / | / | / | |
| 8 | ПРАВОСИЛНОСТ | / | / | / | / | / | |
| 9 | ИЗГОТВУВАЊЕ МИСЛЕЊА, ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ДО ДРУГИ ОРГАНИ | 37 | / | 37 | 37 | / | |
| 10 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПОТВРДИ,УВЕРЕНИЈА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИ | 3 | / | 3 | 3 | / | |
| 11 | ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА ОБЈЕКТИ | 6 | / | 6 | 6 | / | |
| 12 | ЗАПИСНИЦИ ОД НАДЗОРНИ ОРГАНИ | 38 | / | 38 | 38 | / | |
| 13 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПРОТОКОЛИ | 89 | / | 89 | 85 | 4 | |
| 14 | ИЗГОВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА | 45 | / | 45 | 45 | / | |
| | **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА:** | **2152** | **55** | **2207** | **2180** | **27** | |

Вкупната реализација за 2008год. по структури е следна:

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште по основ на издадени одобренија за градба во урбаниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петроб во 2008 година **примени се 48.678.880,00 денари**
2. Наплата на комунална такса по основ на издадени одобренија за градба во руралниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петров во 2008 година **наплатени се 3.217.901,00 денари**.
3. Надоместок за финансирање на изработка на просторниот план на Републиката и урбанистичките планови Согласно член 55 од Законот за просторно и урбанистичко планирање наплатени во 2008 година **вкупно 468.390,00 денари.**

**Раководител на**
**Секторот за урбанизам, комунални дејности**
**и заштита на животната средина**
**Димитар Руменов д.г.и.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година заедно со Извештајот за работата на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 03.03.2009 година.

**Број 08-672/2**
**од 09.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 95-тата Седница одржана на ден 03.03.2009 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

3. Се усвојува Извештајот за работата на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

4. Оваа Одлука заедно со Извештајот за работата на Одделението за инспекциски работи на Општина Ѓорче Петров за 2008 година, ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-583/4**
**од 03.03.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работа на Оддлението за инспекциски работи при Општина ѓорче Петров за тековна 2008 година

**февруари 2008 година**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работа на Оддлението за инспекциски работи**
**при Општина ѓорче Петров**
**за тековната 2008 год.**

Во Одделението за инспекциски работи при Општина ѓорче Петров, делуваат:

1. **Урбанистичката инспекција (со овластен урбанистички инспктор)**
2. **Градежната инспекција (со овластен градежен инспектор)**
3. **ИзврШна служба (со урбанистички полицаец - изврШител)**
4. **Инсекција за комунална хигиена и заШтита на животната средина (со овластен инспектор по заШтита на животната средина и комунална хигиена, со комунални редари)**

Во тековната 2008 год., горе посочените инспектори, врШејЌи ги надлежностите според соодветните Закони, за изврШената контрола и работа на територијата на ОпШтината, го прикажуваат следниот извеШтај:

1. **ОВЛАСТЕН УРБАНИСТИЧКИ ИНСПЕКТОР**

**Овластениот урбанистички инспектор спроведува надзор над спроводувањето на одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање, (ІСл. Весник на Р.М.в, бр. 24/08) .**

| вкупен број РеШенија за локациски услови | за станбени објекти | колективни објекти | деловно стопански објекти | деловони објекти (огради, гаражи) |
|---|---|---|---|---|
| 93 | 58 | 16 | 9 | 10 |

**Во текот на 2008 год. контролирани се сите издадени Решенија за локациски услови како и Одобренија за градење:**

| **вкупен број Одобренија за градење** | **за станбени објекти** | **колективни објекти** | **деловно стопански објекти** | **деловни објекти (огради, гаражи)** |
|---|---|---|---|---|
| 84 | 60 | 9 | 6 | 9 |

| **Записници за констатација** | **Решение за прекинување** | **Решение за отстранување** | **Заклучоци за Извршување** |
|---|---|---|---|
| 300 | 5 | 78 | 78 |

## 2. ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

**спроведува надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за градење (Сл. Весник на Р.М., бр. 51/5) и Законот за изменување и дополнување на на Законот за градење (Сл. Весник на Р.М., бр. 82/08).**

**Одредбите и на Законот се однесуваат на изградбата на објекти на терен, дали истите се градат со техничка документација или без техничка документација.**

**Во текот на 2008 год. контролирани се преку 300 објекти во тек на градба**

За нелегалните градби (без техничка документација или со техничка документација а се граделе спротивно на одобрен Основен проект, поведени се управни постапки, и тоа:

- **За легални и нелегални објекти**

## 3. ИЗВРШНА СЛУЖБА (УРБАН ПОЛИЦАЕЦ - ИЗВРШИТЕЛ)

**Спроведени се - рушени решениа за отстранување - заклучоци за извршување:**

| **легални (со техничка докумнетација) се граделе** | | | |
|---|---|---|---|
| **станбен објект (со доградба и надградба)** | **колективни згради** | **деловни обејкти** | **други објекти (гаражи, огради и др.)** |
| 62 | 9 | 6 | 3 |
| **нелегални објекти (без техничка документација) се граделе:** | | | |
| **станбени обејкти** | **колективни згради** | **деловни обејкти (времени обејтки)** | **други објекти (гаражи, огради и сл.)** |
| 5 | / | 2 +6 | 55 |

**4. ОВЛАСТЕН ИНСПКЕТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

Закони кои ги спроведува Овластениот инспектор за заштита на животната средина и комунални дејности се:

- Законот за заштита на животната средина,
- Закон за управување со отпад,

| **времени објекти** | **гаражи** | **огради** | **деловни објекти** |
|---|---|---|---|
| 6 | 4 | 20 | 5 |

- Закон за јавна чистота,
- Закон за бучава и
- Закон за заштита на амбиенталниот воздух

**Февруари 2009 год.**
**Ѓорче Петров**

**Раководител**
**Одделение за инспекциски работи**

| **вкупен број на предмети** | **Решени предмети** | **платен налог од Законот за управување со отпад** | **платен налог од Законот за управување со отпад** |
|---|---|---|---|
| 137 | 97 | Напишани 7<br>платени 6 | издадени 37 потврди<br>за општокорисна работа |
| останатите 40 предмети се известија, семинари информации и сл. | | | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2008 година и Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2008 година и Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и петата Седница на Советот, одржана на ден 03.03.2009 година.

**Број 08-672/3**
**од 09.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 95-тата седница одржана на ден 03.03.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2008 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2008 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година.

**Член 2**

Оваа Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави заедно со Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2008 година и со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 583/5-1** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 03.03.2009 година** **ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**С к о п ј е** **Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и петата Седница на Советот, одржана на ден 03.03.2009 година.

**Број 08-672/4**
**од 09.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**